ПП бр: 09- 67 /1

Врз основа на член 28 став (2) и член 30 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р Борче Размоски - претседател, м-р Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски – членови, постапувајќи во постапка, поведена по службена должност, ПП бр.09-26 од 2019 година, против **Град Скопје**, Бул. Илинден бр.82, Скопје, Република Северна Македонија и **Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје**, ул. Даме Груев бр. 7/9-3, Скопје, Република Северна Македонија, **застапувано од Адвокат Влатко Десподовски Скопје**, ул. 1737 бр.24/11, Скопје, Република Северна Македонија заради евентуален сторен прекршок од член 7 став (1) точка 2), а во врска со член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 28.03.2025 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Во постапката поведена по службена должност ПП бр.09-6/1 од 21.01.2021 година против **Град Скопје**, Бул. Илинден бр.82, Скопје, Република Северна Македонија и **Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје**, ул. Даме Груев бр. 7/9-3, Скопје, Република Северна Македонија, **застапувано од Адвокат Влатко Десподовски Скопје**, ул. 1737 бр.24/11, Скопје, Република Северна Македонија, заради евентуален сторен прекршок од Законот за заштита на конкуренцијата, **КОП утврди дека Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје не сториле прекршок од член 7 став (1) точка 2), а во врска со член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

## О б р а з л о ж е н и е

До КОП од страна на Адвокат Анита Бегова од Скопје доставена е Пријава за постоење концентрација – склучен монополски договор бр.09-26/1 од 09.10.2019 година, со кој ја известува Комисијата дека помеѓу Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје склучен е ексклузивен Договор со кој на Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје му е дадено ексклузивно право само тие и никој друг да не може да биде огласувач со реклами поставени на улично осветлување (бандери) и тоа бесплатно.

Имено, во Пријавата се наведува дека согласно Договорот на огласувачот му е дозволено поставување и одржување систем на знаци за управување на учесниците во сообраќајот во Скопје, па се смета дека се опфаќа:

- Изработка на стандарди и нормативи за изгледот на знаците и инсталациите и за моделите на нивното поставување во сообраќајниот коридор
- Изработка на мапи на локации за поставување на знаци за упатување
- Изработка на знаци и нивно поставување
- Одржување во времетраење од 15 години сметано по поставувањето на последниот планиран знак.

Понатаму се наведува дека вредноста на Договорот се утврдува на износ од 10.000,00 евра во денарска противвредност, а доколку се раскине Договорот Град Скопје да му плати на Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје надомест во износ од 1.000.000,00 УСД, а во истиот се наведува дека времетраењето – одржувањето на планираните знаци започнува од моментот на поставувањето на последниот знак па во рок од 15 години.

Договорот е склучен на 21.01.2002 година и со истиот е определено дека Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје има обврска да постапува во определени рокови, односно 90 дена за Изработка на стандарди и нормативи за изгледот на знаците и инсталациите и за моделите на нивното поставување во сообраќајниот коридор, сметано од денот на потпишување на Договорот и 60 дена за Изработка на мапи на локации за поставување на знаци за упатување сметано од денот на усвојување на Стандардите и нормативите од страна на Советот на Град Скопје. Во Дописот се наведува дека Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје до сега ги има пробиено сите рокови, односно не ги извршува во целост своите обврски, а се со цел да не започне пресметувањето на рокот за реализација на Договорот. Од друга страна пак, се наведува дека барателот нема информации дали од Град Скопје е побарано постапување во целост на обврските по Договорот.

На седница одржана на ден 17.01.2020 година КОП со Допис ПП бр. 09-5/1 од Град Скопје побара да се произнесе по Дописот бр.09-26/1 од 09.10.2019 година доставен до Коисијата од страна на Адвокат Анита Бегова, како и да го достави Договорот склучен помеѓу Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје.

На седница одржана на ден 17.01.2020 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-5/2 го задолжи Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.

Со Допис ПП број 09-5/3 од 29.01.2020 година, доставен преку е – маил адреса, од страна на Адвокат Влатко Десподовски, како полномошник на Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, побара продолжување на рок за произнесување по Заклучок ПП бр. 09-5/2 од 17.01.2020 година.

Со Допис ПП број 09-5/4 од 30.01.2020 година, КОП го извести Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје дека рокот за доставување податоци и документи барани со Заклучок бр. 09-5/2 од 17.01.2020 година започнува да тече од денот на приемот на Дописот со број 09-5/4 од 30.01.2020 година.

Од страна на Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје со Допис ПП број 09-5/5 од 30.01.2020 година до КОП доставено е Полномошно со кое

Друштвото го овластува Влатко Десподовски, адвокат од Скопје во име и за сметка на Друштвото да го застапува пред Комисијата во постапката.

Со Допис број 08-481/2 од 30.01.2020 година (Наш ПП број 09-5/6 од 03.02.2020 година) Град Скопје до КОП достави Одговор по Допис ПП бр. 09-5/1 од 17.01.2020 година.

Во Дописот, Град Скопје наведува дека, во својство на Нарачател, со Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, во својство на Извршител, склучил Договор за поставување и одржување систем на знаци за упатување на учесниците во сообраќајот во Скопје бр. 08-116/1 од 21.01.2002 година. Град Скопје во однос на наводите дека на Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје му е дадено ексклузивното право само тие и никој друг да не може да биде огласувач со реклами поставени на улично осветлување (бандери) и тоа бесплатно упатува на член 3 став 1 и 2 од Договорот, каде е утврдено дека Нарачателот му го отстапува ексклузивното право на Извршителот да инсталациите на на систем на знаци и столбни светилки ги користи за комерцијално упатување и огласување. Во однос на наводите дека е настанато пробивање на роковите, Град Скопје наведува дека во член 1 став 2 алинеја 4 утврдено е дека одржувањето е во времетраење од 15 години сметано по поставувањето на последниот планиран знак, а притоа не може да стане збор за пробивање на рокот од причина што во Договорот е определено дека во рамките на реализацијата на надлежностите на градот Скопје е постојано градење на нови булевари и поставување на столбови (бандери), па согласно одредбите од Договорот рокот од 15 години не е ни почнат да тече.

Град Скопје исто така наведува дека вредноста на Договорот се утврдува на износ од 10.000 евра, а заради непостапување, односно непочитување на одредбите од Договорот Извршителот има право на 1.000.000 долари како надомест заради раскинување на Договорот и обештетување за сторена инвестиција, претрпени трошоци, загубена заработувачка, како и надомест на нематеријална штета.

Со Допис ПП број 09-5/7 од 14.02.2020 година Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, преку Адвокат Влатко Десподовски од Скопје достави Произнесување по барање – Пријава за постоење на концентрација по Заклучок бр. 09-5/2 од 17.01.2020 година.

Во истиот, Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, наведува дека со Договорот склучен со Град Скопје не се фиксираат цени, бидејќи Договорот не содржи одредби за цените на услугите и тие се утврдуваат слободно на пазарот. Исто така, во Дописот се наведува дека Договорот не го ограничува, ниту дели пазарот, туку се работи за услуги од областа на маркетингот, или поконкретно outdoor маркетингот, на кој услуги од предметниот вид во моментот нудат голем број друштва, а голем број од нив имаат и концесии од Град Скопје за поставување најразличен вид на урбана опрема.

Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје наведува дека согласно Договорот склучен со Град Скопје има далеку поголем обем на обврски од другите концесионери на територијата на Град Скопје, односно за секој поставен комерцијален патоказ на територијата на Град Скопје Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, должно е да плаќа комунална такса, која на годишно ниво изнесува просечно над 2.000.000 денари.

Понатаму, Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, наведува дека нема ексклузивно право за поставување на патокази на споредни улици. Имено, една од законските надлежности на Град Скопје и останатите единици на

локалната самоуправа при грижата за упатување на учесниците во сообраќајот е изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација, како и поставување, замена, отстранување и одржување на сообраќајните знаци и заштитната опрема на локалните патишта и улици. Во 2002 година Град Скопје за да ја реализира оваа законска надлежност склучил Договор со Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, со кој му ја пренел надлежноста на овој правен субјект.

Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје понатаму наведува дека согласно Закон за јавни патишта секој може да постави натпис (обележје/панел/патоказ/рекламна табла), па согласно Законот за јавни патишта Град Скопје донел Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на јавните патишта во Градот Скопје и голем број субјекти го користат ова право, односно поставуваат бројни натписи/патокази/обележја и сл.

Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје наведува дека не може да се работи за ексклузивност да поставува натписи/патокази/обележја, туку тоа го прави на однапред утврдени локации од страна на Град скопје.

КОП до Град Скопје со Допис ПП број 09-5/8 од 06.11.2020 година достави Покана за одржување работен состанок, меѓутоа на работниот состанок не присуствуваше претставник од Град Скопје, ниту пак беше доставен било каков одговор по наведената Покана.

На седница одржана на ден 06.11.2020 година КОП Со Заклучок ПП број 09-5/9 го задолжи Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи, и тоа:

- Појаснување и наведување на услугите кои ги нуди Друштво за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје, односно појаснување дали покрај патоказите кои ги поставува врз основа на Договорот со градот Скопје, поставува и патокази и реклами на барање на претпријатија за соодветен надомест и

- Локација и појаснување на патоказите кои Друштвото за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје ги поставува на територијата на Град Скопје и

- Објаснување кој ја плаќа електричната енергија употребена за напојување на столбовите за потребите на поставените знаци.

Со Допис ПП број 09-5/10 од 19.11.2020 година Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје до КОП достави Одговор по Допис ПП бр. 09-5/9 од 06.11.2020 година.

Во Дописот, по однос на прашањето “Појаснување и наведување на услугите кои ги нуди Друштво за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје, односно појаснување дали покрај патоказите кои ги поставува врз основа на Договорот со градот Скопје, поставува и патокази и реклами на барање на претпријатија за соодветен надомест”, се наведува дека согласно член 3 од Договорот склучен со Град Скопје, Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје врши поставување на патокази за комерцијално упатување и огласување за потребите на клиенти – трговски друштва, како надоместок за трошоците за нормирање, планирање, дизајнирање на системот на знаци, трошоците за инсталациите (изработка на столбовите), купување на обележјата за потребите на Град Скопје, нивно поставување,

осигурување и одржување, кои трошоци ги плаќа Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје. Покрај сите наведени трошоци, за секој поставен патоказ има обврска да плаќа комунална такса кон Град Скопје, согласно Решение на Град Скопје бр. 08-2084/1 од 20.07.2005 година.

По однос на прашањето "Локација и појаснување на патоказите кои Друштвото за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје ги поставува на територијата на Град Скопје", Друштвото за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје во Дописот наведува дека сите локации на кои има право да постави обележја за упатување и известување за потребите на Град Скопје и обележја за комерцијално упатување и огласување се утврдени со Решение бр. 18-317/2 од 07.07.2005 година на Градот Скопје.

Со Допис ПП број 09-5/10 од 19.11.2020 година Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје во прилог достави копија од Решение за користење место за огласување (во натамошен текст: Решение/то) издадено од Град Скопје, Градски комитет за урбанизам, Комунално станбени работи, Сообраќај и заштита на човековата околина број 18-317/2 од 07.07.2005 година (заверено под број 0301-10 од 15.09.2005 година во Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје).

КОП од веб страната на Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје прибави податоци во врска со Понудата за надворешно рекламирање со ПОТЕЗИ ПАНЕЛИ.

На седница одржана на ден 21.01.2021 година, КОП постапувајќи по службена должност со Заклучок за поведување прекршочна постапка ПП бр. 09-6/1 поведе прекршочна постапка против Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, заради тоа што склучиле ексклузивен договор, со кој на Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСЕПКТИВА ДООЕЛ Скопје му е дадено ексклузивно право инсталациите на системот на знаци и столбни светилки да ги користи за комерцијално упатување и огласување, чија цел и последица е нарушување на конкуренцијата на пазарот за огласување на столбови за улично осветлување (рекламирање на светлосни панели/патокази поставени на столбови за улично осветлување за комерцијално упатување и огласување), што претставува евентуален прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со Заклучокот за поведување прекршочна постапка, КОП го задолжи Град Скопје да ги достави следните податоци:

- Детално објаснување на член 3 од Договорот склучен помеѓу Градот Скопје и Друштво за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје и
- Дали Градот Скопје има дадено решение/одобрение за користење на места за огласување на столбови на улично осветлување на друго правно лице/трговско друштво, освен на Друштво за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје, доколку да, да се достави копија од актот со кој истото е одобрено.
- објаснување дали во населениот дел на Градот Скопје има патишта кои се сметаат за државни патишта и на кои согласно член 41 од Законот за јавни патишта е дадено одобрување за поставување на натписи, рекламни објкети и рекламни табли. Доколку да, да се достави податок колку такви одобренија се издадени, а кои се сеуште се во важност и на кои улици/патишта кои се наоѓаат на територијата на Градот Скопје.

- Објаснување на постапката за давање на одобрение за поставување на рекламни објекти во патниот и заштитениот појас на јавен пат на територијата на Град Скопје (а кои одобренија се издаваат согласно член 45 од Законот за јавни патишта). Поточно објаснување кој може да побара, која е постапката, колку временски трае истата, кој надомест се плаќа на Градот Скопје, за кој рок се издава одобрението, од што зависи одобрувањето/неодобрувањето на барањето и дали се одобруваат вакви барања за локации кои се наоѓаат на исти улици во Градот Скопје на кои Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСЕПКТИВА ДООЕЛ Скопје има есклузивно право  инсталациите на системот на знаци и столбни светилки да ги користи за комерцијално упатување и огласување.
- Објаснување на точка 2. (два) од Решение за користење место за огласување број 18-317/2 од 07.07.2005 година издадено од Град Скопје по однос бројот од 3939 места за обележја за упатување и известување за потребите на Град Скопје дали се однесува овој број на места кои стриктно Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСЕПКТИВА ДООЕЛ Скопје има дозвола да ги користи или пак ова е севкупен број места за обележја за упатување и известување за потребите на Град Скопје, кои можат да ги користат и други претпријатија.
- Статут
- Биланс на успех за 2019 година
- Извод од Централен регистар

Со Заклучокот за поведување прекршочна постапка, КОП го задолжи Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСЕПКТИВА ДООЕЛ Скопје да ги достави следните податоци:

- Копија од комерцијални понуди на услугите кои Друштво за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје ги нуди на своите клиенти - трговски друштва во 2019 и 2020 година
- XXX[1]
- Вкупно остварени приходи од давање услуга на огласување на столбови на улично осветлување (закуп на светлосни панели/патокази поставени на столбови за улично осветлување за комерцијално упатување и огласување) во 2019 година и
- Биланс на успех за 2019 година

Со Допис ПП број 09-6/2 од 28.01.2021 година Друштвото за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје побара да се продолжи рокот за достава на бараните податоци, побарани со Заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр. 09-6/1 од 21.01.2021 година.

Со Допис ПП број 09-6/3 од 29.01.2021 година, доставен преку е-маил адреса, од страна на Адвокат Влатко Десподовски, како полномошник на Друштвото за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје, достави Дополнување на известување од 28.01.2021 година.

Со Допис ПП број 09-6/4 КОП на ден 02.02.2021 година на Друштвото за трговија и услуги Продукција Перспектива ДООЕЛ Скопје го продолжи рокот за доставување на податоците за дополнителни 15 дена.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Град Скопје, со Допис број 08-599/2 од 01.02.2021 година (Наш ПП број 09-6/5 од 03.02.2021 година) достави одговор на бараните податоци со Заклучок за поведување прекршочна постапка ПП број 09-6/1 од 21.01.2021 година.

Со Допис ПП бр. 09-6/6 од 04.02.2021 година Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје достави Барање за увид и фотокопирање на списи, а во прилог и Уплатница во износ од 600,00 денари за увид и фотокопирање на списи.

Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје со Допис ПП бр. 09-6/7 од 04.02.2021 година до КОП поднесе Барање за појаснување на Заклучок ПП бр. 09-6/1 од 22.01.2021 година. Во истиот бараат појаснување во однос на тоа XXX.

Со Допис ПП бр. 09-6/8 од 08.02.2021 година КОП го извести Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје дека во однос на поднесеното Барање за увид и фотокопирање на списи, согласно член 56, став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, увид во списите во постапка пред Комисијата за одлучување по прекршок се врши по приемот на прелиминарното известување од член 42 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со Допис ПП бр. 09-6/9 од 08.02.2021 година КОП до Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје достави Одговор на Барање за појаснување на Заклучок ПП бр. 09-6/1 од 22.01.2021 година. Во Дописот КОП наведе дека со Заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр. 09-6/1 од 22.01.2021 година во точка 2, алинеја 2) изрично се наведува да се доставаат податоци - XXX.

Со Допис ПП бр. 09-6/10 од 15.02.2021 година Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје до КОП ги достави бараните докази, побарани со Заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр. 09-6/1 од 22.01.2021 година.

Со доставените податоци, Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје наведува дека 10-те најголеми клиенти, кои што користеле услуга на огласување на столбови за улично осветлување во 2019 и првата половина на 2020 година се следните: Финансиско друштво за издавање и администирање на кредитни картички Динерс Клуб Интернационал МАК ДООЕЛ Скопје, ХАЛК БАНКА АД Скопје, Друштво за трговија и услуги ИБУ Менаџмент ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија на големо и мало КАМ ДОО Скопје, Друштво за трговија и услуги КАН ИНТЕРНАТИОНАЛ ДООЕЛ Скопје, МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, Друштво за туризам, угостителство и услуги МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје, Друштво за туристички услуги и сместување СТОНЕБРИДГЕ – ХОТЕЛ ДОО Скопје, ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје и Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/11 го задолжи Град Скопје да достави податоци и документи.

- “КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/11.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/12 од 15.03.2021 година КОП го задолжи Трговско друштво за застапување, услуги и трговија на

големо и мало АКЦЕНТ МЕДИА Национална рекламна агенција о.о. ДООЕЛ увоз-извоз Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/12.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/13 го задолжи Друштво за реклама, маркетинг трговија и услуги ЛИД КОМЈУНИКЕЈШНС ДОО Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/13.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/14 го задолжи Друштво за производство, трговија, маркетинг, пропаганда и услуги Скрин Медиа експорт – импорт Желино да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/14.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/15 го задолжи Финансиско друштво за издавање и администирање на кредитни картички Динерс Клуб Интернационал МАК ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/15.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/16 го задолжи ХАЛК БАНКА АД Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/16.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/17 го задолжи Друштво за трговија и услуги ИБУ Менаџмент ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/17.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/18 го задолжи Друштво за трговија на големо и мало КАМ ДОО Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/18.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/19 го задолжи Друштво за трговија и услуги КАН ИНТЕРНАТИОНАЛ ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/19.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/20 го задолжи МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/20.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/21 го задолжи Друштво за туризам, угостителство и услуги МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/21.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/22 го задолжи Друштво за туристички услуги и сместување СТОНЕБРИДГЕ – ХОТЕЛ ДОО Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/22.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/23 го задолжи ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/23.

На седница одржана на ден 15.03.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/24 од 15.03.2021 година КОП го задолжи Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/25 од 16.03.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр. 09-6/24.

Со Допис бр. 0306/5997 од 19.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/26 од 19.03.2021 година) Друштвото за осигурување УНИКА А.Д. Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/24 од 15.03.2021 година. (доверлива верзија).

Со Допис бр. 0306/5998 од 19.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/27 од 19.03.2021 година) Друштвото за осигурување УНИКА А.Д. Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/24 од 15.03.2021 година. (недоверлива верзија).

Со Допис бр. 0302/50-13 од 18.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/28 од 23.03.2021 година) Друштвото за производство, трговија, маркетинг, пропаганда и услуги Скрин Медиа експорт – импорт Желино до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок бр. ПП 09-6/14 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 0302/1599 од 19.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/29 од 23.03.2021 година) МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/20 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 0302/159-17 од 17.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/30 од 23.03.2021 година) Трговско друштво за застапување, услуги и трговија на големо и мало АКЦЕНТ МЕДИА Национална рекламна агенција о.о. ДООЕЛ увоз-извоз Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/12 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 02/3149 од 23.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/31 од 23.03.2021 година) ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/23 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 01-841/1 од 23.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/32 од 24.03.2021 година) Финансиско друштво за издавање и администирање на кредитни картички Динерс Клуб Интернационал МАК ДООЕЛ Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/15 од 15.03.2021 година.

Со Допис ПП број 09-6/33 од 24.03.2021 година Друштво за трговија и услуги КАН ИНТЕРНАТИОНАЛ ДООЕЛ Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/19 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 0204-135 од 24.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/34 од 24.03.2021 година) Друштво за туристички услуги и сместување СТОНЕБРИДГЕ – ХОТЕЛ ДОО Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/22 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 245-02 од 22.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/35 од 26.03.2021 година) Друштво за туризам, угостителство и услуги МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/21 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 13-2374/2 од 23.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/36 од 26.03.2021 година) Град Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/11 од 15.03.2021 година.

Во Дописот, Град Скопје наведува дека на територијата на Град Скопје стопанисуваат четири субјекти, кои имаат дозвола за поставување на билборди и тоа:

1. Друштво за реклама, маркетинг трговија и услуги ЛИД КОМЈУНИКЕЈШНС ДОО Скопје
2. Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје
3. Друштво за производство, трговија, маркетинг, пропаганда и услуги Скрин Медиа експорт – импорт Желино и
4. Трговско друштво за застапување, услуги и трговија на големо и мало АКЦЕНТ МЕДИА Национална рекламна агенција о.о. ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Исто така, во Дописот доставен од Град Скопје се наведува дека согласно "Програмата за изменување и дополнување на програмата за поставување урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на градот Скопје за период 2012 – 2027 година" вкупниот број на поставени билборди на територијата на Град Скопје изнесува 560, односно: 0 билборди во Зона 1, 62 билборди во Зона 2, 429 билборди во Зона 3 и 69 билборди во Зона 4, кои се поделени меѓу четирите корисници.

Со Допис бр. 0204-135 од 24.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/37 од 29.03.2021 година) Друштво за туристички услуги и сместување СТОНЕБРИДГЕ – ХОТЕЛ ДОО Скопје до КОП достави одговор на Заклучок број 09-6/22 од 15.03.2021 година..

Со Допис бр. ПП 09-6/38 од 26.03.2021 година) Друштво за реклама, маркетинг трговија и услуги ЛИД КОМЈУНИКЕЈШНС ДОО Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/13 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 03--197 од 30.03.2021 година (Наш ПП број 09-6/39 од 30.03.2021 година) Друштво за трговија на големо и мало КАМ ДОО Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/18 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 004 од 05.04.2021 година (Наш ПП број 09-6/40 од 07.04.2021 година) Друштво за трговија и услуги ИБУ Менаџмент ДООЕЛ Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/17 од 15.03.2021 година.

Со Допис бр. 18-8292/1 од 06.04.2021 година (Наш ПП број 09-6/41 од 07.04.2021 година) ХАЛК БАНКА АД Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/16 од 15.03.2021 година.

Со Допис ПП број 09-6/42 од 11.05.2021 година Друштво за производство, трговија, маркетинг, пропаганда и услуги Скрин Медиа експорт – импорт Желино до КОП достави дополнување на податоци и документи доставени со Допис бр. 0302/50-13 од 18.03.2021 година (Наш број 09-6/28 од 23.03.2021 година).

На седница одржана на ден 25.05.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/43 го задолжи Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/44 од 25.05.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок ПП бр. 09-6/43 од 25.05.2021 година доставено до Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје.

На седница одржана на ден 25.05.2021 година КОП Со Заклучок ПП бр. 09-6/43 го задолжи Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/44 од 25.05.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок ПП бр. 09-6/43 од 25.05.2021 година доставено до Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје.

Со Допис бр. 01-52 од 31.05.2021 година (Наш ПП број 09-6/45 од 01.06.2021 година) Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/43 од 25.05.2021 година.

Со Допис бр. 166/0302 од 09.06.2021 година (Наш ПП број 09-6/46 од 09.06.2021 година) Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/43 од 25.05.2021 година.

На седница одржана на ден 15.06.2021 година КОП Со Заклучок ПП бр. 09-6/47 го задолжи Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје да да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/48 од 15.06.2021 година  достави пропратно писмо на Заклучок ПП бр. 09-6/47 од 15.06.2021 година доставено до Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје.

На седница одржана на ден 15.06.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/49 го задолжи Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.КОП со Допис ПП бр. 09-6/50 од 15.06.2021 година достави пропратно писмо на Заклучок ПП. бр. 09-6/49 од 15.06.2021 година доставено до Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје.

На седница одржана на ден 15.06.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/51 го задолжи Град Скопје да достави податоци и документи.

КОП со Допис ПП бр. 09-6/52 од 15.06.2021 година  достави пропратно писмо на Заклучок ПП бр. 09-6/51 од 15.06.2021 година доставено до Град Скопје.

Со Допис бр. 01-65 од 21.06.2021 година (Наш ПП број 09-6/53 од 22.06.2021 година) Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/49 од 15.06.2021 година.

Со Допис бр. 185/0302 од 24.06.2021 година (Наш ПП број 09-6/54 од 28.06.2021 година) Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/47 од 15.06.2021 година.

Со Допис бр. 13-6004/2 од 22.06.2021 година (Наш ПП број 09-6/55 од 29.06.2021 година) Град Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/51 од 15.06.2021 година.

На седница одржана на ден 08.07.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/56 го задолжи Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје да достави податоци и документи.

На седница одржана на ден 08.07.2021 година КОП со Заклучок ПП бр. 09-6/57 го задолжи Град Скопје да да достави податоци и документи.

По пат на електронска пошта Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/56 од 08.07.2021 година.

Со Допис бр. 13-6848/2 од 13.07.2021 година (Наш ПП број 09-6/58 од 19.07.2021 година) Град Скопје до КОП достави податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/57 од 08.07.2021 година.

Со Допис бр. 08-сл од 02.09.2021 година (Наш ПП број 09-6/59 од 03.09.2021 година) Град Скопје до КОП достави дополнување на податоци и документи барани со Заклучок ПП бр. 09-6/57 од 08.07.2021 година.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за туристички услуги и сместување СТОНЕБРИДГЕ – ХОТЕЛ ДОО Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за трговија и услуги КАН ИНТЕРНАТИОНАЛ ДООЕЛ Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за трговија на големо и мало КАМ ДОО Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за трговија и услуги ИБУ МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за трговија и услуги ХАЛК БАНКА АД Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Град Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година КОП побара од Финансиско друштво за издавање и администрирање на кредитни картички Динерс Клуб Интернационал МАК ДООЕЛ Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис ПП бр. 09-6/61 од 06.12.2021 година КОП побара од Друштво за реклама, маркетинг, трговија и услуги ЛИД КОМЈУНИКЕЈШНС ДОО Скопје да достави доверлива и недоверлива верзија на дописи.

Со Допис бр. 0204-671 од 07.12.2021 година (Наш ПП број 09-6/62 од 07.12.2021 година) Друштво за туристички услуги и сместување СТОНЕБРИДГЕ – ХОТЕЛ ДОО Скопје до КОП достави одговор на Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година.

Со Допис ПП број 09-6/63 од 10.12.2021 година доставен преку е – маил адреса ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје до КОП достави одговор на Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година.

Со Допис бр. 01-2801/1 од 10.12.2021 година (Наш ПП број 09-6/64 од 10.12.2021 година) Финансиско друштво за издавање и администрирање на кредитни картички Динерс Клуб

Интернационал МАК ДООЕЛ Скопје до КОП достави одговор на Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година.

Со Допис бр. 142-01 од 10.12.2021 година (Наш ПП број 09-6/65 од 10.12.2021 година) Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје до КОП достави одговор на Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година.

Со Допис бр. 03-658 од 10.12.2021 година (Наш ПП број 09-6/66 од 10.12.2021 година) Друштво за трговија на големо и мало КАМ ДОО Скопје до КОП достави одговор на Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година.

Со Допис Наш ПП број 09-6/67 од 10.12.2021 година Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје до КОП достави одговор на Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година.

Со Допис бр. 02-12966 од 09.12.2021 година (Наш ПП број 09-6/68 од 14.12.2021 година) ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје до КОП достави одговор на Допис ПП бр. 09-6/60 од 06.12.2021 година.

На седница одржана на ден 17.12.2022 година со Заклучок ПП бр. 09-14/1 КОП го задолжи Град Скопје да достави податоци и документи.

На седница одржана на ден 17.12.2022 година со Заклучок ПП бр. 09-14/1 КОП го задолжи Друштво за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје да достави податоци и документи.

На седница одржана на ден 17.12.2022 година со Заклучок ПП бр. 09-14/1 КОП го задолжи Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје да достави податоци и документи.

КОП со пропратно писмо ПП бр. 09-14/2 од 17.02.2022 година ги достави Заклучоците донесени на седница одржана на ден 17.12.2022 година.

Со Допис бр. 01-22 од 23.02.2022 година (Наш ПП број 09-14/3 од 25.02.2022 година) Друштвото за маркетинг и интелектуална сопственост МАРАТОН ГРОУП ДООЕЛ Скопје до КОП достави одговор по Заклучок ПП бр. 09-14/1 од 17.12.2022 година.

Со Допис бр. 076/0302 од 24.02.2022 година (Наш ПП број 09-14/4 од 01.03.2022 година) Друштвото за трговија и услуги ОК МЕДИА ДОО Скопје до КОП достави одговор по Заклучок ПП бр. 09-14/1 од 17.12.2022 година.

Со Допис бр. 027/0302 од 22.02.2022 година (Наш ПП број 09-14/5 од 01.03.2022 година) Лид Комјуникејшнс ДОО Скопје до КОП достави одговор.

На ден 03.03.2022 година до КОП доставен е е – маил од Адвокат Влатко Десподовски како полномошник на Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје.

Со Допис бр. 03-1816/2 од 23.02.2022 година (Наш ПП број 09-14/7 од 04.03.2022 година) Град Скопје до КОП достави одговор по Заклучок ПП бр. 09-14/1 од 17.12.2022 година.

Со Допис бр. 08-сл од 09.03.2022 година (Наш ПП број 09-14/8 од 11.03.2022 година) Град Скопје до КОП достави дополнување по Заклучок ПП бр. 09-14/1 од 17.12.2022 година.

На седница одржана на ден 20.04.2022 година со Заклучок ПП бр. 09-14/9 КОП го задолжи Град Скопје да достави податоци и документи.

Со Допис бр. 08-4986/1 од 29.04.2022 година (Наш ПП број 09-14/11 од 04.05.2022 година) Град Скопје до КОП достави одговор по Заклучок ПП бр. 09-14/9 од 20.04.2022 година.

На седница одржана на ден 08.06.2023 година КОП донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-29/1.

КОП со пропратно писмо ПП бр. 09-29/2 од 21.06.2023 година го достави Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-29/1 до Град Скопје и до Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје.

Со Допис ПП број 09-29/3 од 04.07.2023 година Град Скопје до КОП достави Произнесување по Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-29/1 од 08.06.2023 година.

Во истото, Град Скопје наведува дека ги преземал сите дејствија кои согласно закон му стојат на располагање со цел договорот склучен со Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје да го раскине, а со тоа да ги отстрани сите штетни последици кои произлегуваат од истиот во поглед на нарушување на конкуренцијата согласно Законот за заштита на конкуренцијата.

Со Допис ПП број 09-29/4 од 07.07.2023 година Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје до КОП достави Произнесување по Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-29/1 од 08.06.2023 година.

На седница одржана на ден 20.09.2024 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-39/1.

КОП со пропратно писмо ПП бр. 09-39/2/3 од 20.09.2024 година го достави Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-39/1 до Град Скопје и до Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје.

Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје и Град Скопје во законски определениот рок не се произнесоа по Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-39/1.

**Во текот на постапката, а врз основа на прибавените докази КОП ја утврди следната фактичка состојба:**

На ден 21.01.2002 година Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје склучиле Договор бр. 0306-01, чиј предмет е уредување на права и обврски на договарачите  за изработка, поставување и одржување систем на знаци за упатување на учесниците во сообраќајот во Скопје, односно изработка на стандарди и нормативи за изгледот на знаците и инсталациите и за модалитетите на нивното поставување во сообраќајните коридори, потоа изработка на мапа на локации за поставување на знаци на упатување, изработка на знаци и нивно поставување и

одржување во времетраење од 15 години сметано по поставувањето на последниот планиран знак.

Согласно овој Договор, Градскиот комитет за урбанизам, комунално станбени работи, сообраќај и заштита на човековата околина донел Решение за користење на место за огласување бр.317/2 од 07.07.2005 година.

Со горенаведените акти е определено дека:

- Во член 1 став (2) алинеја 4) од Договорот е определено дека времетраењето со кое на Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје има право на места за обележја за комерцијално упатување и огласување во временски период од 15 години сметано по поставувањето на последниот планиран знак
- Согласно точките 1 и 2 од Решението за користење на местото за огласување, на Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје му се отстапуваат 8128 места за обележја за комерцијално упатување и огласување и 3939 места за обележја за упатување и известување **за потребите на Град Скопје,** што претставува вкупен број на сите места од овој вид за упатување и огласување што се наоѓаат на подрачјето на Градот Скопје.

Согласно член 7 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите.

Од наведениот член јасно произлегува дека за да постои забранет договор тој мора да биде склучен помеѓу две независни претпријатија.

Согласно член 5 став (1) алинеја 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, "претпријатие" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец,  задруга, здружение на претпријатија и др.), слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и др.), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не.

За да еден субјект се смета за претпријатие мора да биде ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не. Економска активност**,** согласно член 5 став (1) алинеја 5) од Законот за заштита на конкуренцијата, претставува промет на стоки и/или услуги на пазарот без оглед на тоа дали целта на таквиот промет е остварување добивка или не.

Согласно Законот за градот Скопје, Град Скопје е организиран како посебна единица на локалната самоуправа за вршење на јавни работи од локално значење во рамките на својата надлежност.

Градот Скопје се финансира од сопствени извори на приходи (локални даноци, локални такси, локални надоместоци, приходи од сопственост, приходи од самопридонес, приходи од казни утврдени со закон, приходи од донации и други приходи утврдени со закон), приходи од даноци, приходи од Буџетот на РСМ и буџетите на фондовите, приходи од задолжување во согласност со закон и од други приходи утврдени со закон.

Согласно член 10 точка 1) алинеја 5) од Законот за Градот Скопје, надлежности односно работи од јавен интерес од локално значење на градот Скопје се утврдување стандарди и давање согласност за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје (во случајот утврдување стандарди и давање согласност за поставување времени објекти).

Иако во време на склучувањето на спорниот договор помеѓу Град Скопје и Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје не постоел Законот за концесии и јавно приватно партнерство (или друг закон кој соодветно ја регулирал областа на концесии и јавно приватно партнерство), КОП со цел да утврди дали Градот Скопје во спорниот договор се јавува како претпријатие или не, се водеше и од одредбите на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Согласно член 4 став (5) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015, 215/2015, 153/2019, 261/2019):

**"Јавен партнер"** е правно лице кое доделува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, и тоа:
- Република Северна Македонија,
- општината, **градот Скопје** и општините во градот Скопје,
- јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Северна Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото и - други правни лица кои согласно со закон вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања.

Согласно член 4 став (6) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство:

**"Концедент"** е субјект кој доделува концесија на добра од општ интерес, и тоа:
- Република Северна Македонија и
- општината, **Градот Скопје** и општините во Градот Скопје.

Согласно член 4 став (7) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство:

**"Приватен партнер"** е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум со кого јавниот партнер склучува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, или кој за таа цел основа друштво за посебна намена.

Согласно член 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство:

Јавно приватно партнерство значи форма на договорно регулирана, долгорочна соработка меѓу јавниот партнер и приватниот партнер, која се карактеризира со следново: а) приватниот партнер ја презема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер и/или обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга на крајните корисници и/или активности од негова надлежност;
б) со цел за исполнување на обврските од точката а) на овој став, приватниот партнер може да преземе обврска да: - финансира, дизајнира, изгради и/или реконструира/реновира објект на јавна инфраструктура, работи и одржува нов објект и/или реконструиран/реновиран објект на јавна инфраструктура или - користи, управува и одржува постоен објект на јавна инфраструктура или - која било комбинација на горе наведените обврски се додека комбинацијата на тие обврски е со цел за исполнување на целите поставени во точката а) на овој став;
в) при преземање на обврската од точките а) и б) на овој став, приватниот партнер вообичаено презема значаен дел од ризиците поврзани со финансирање, изградба, побарувачка и/или достапност и други такви дејствија, управување, одржување и технички ризици, зависно од договореното при воспоставување на јавното приватно партнерство и се определува од случај до случај;
г) секој партнер во јавно приватно партнерство за времетраење на јавното приватно партнерство ќе преземе одговорност за ризични настани кои се во негова сфера на влијание, или одговорноста се дели со цел за постигнување на оптимално управување на ризикот за времетраењето на партнерството, меѓу другото, со користење на управувачки, технички, финансиски и иновациски способности на приватниот партнер и со промовирање на размена на вештини и знаење - искуство меѓу јавниот и приватниот партнер, без истото да е во спротивност со точката в) на овој став;
д) во замена за преземените обврски јавниот партнер може да додели на приватниот партнер концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга, или да му надомести преку плаќање;
ѓ) јавниот партнер, исто така, може да му овозможи на приватниот партнер да изведе одредени комерцијални економски активности, покрај обврските од точките а) и б) на овој став, утврдени во договорот, но само ако не постои друг можен начин да се обезбеди неопходно ниво на ценовна ефикасност на приватното учество и разумен поврат на инвестицијата и
е) јавниот партнер може да пренесе одредени стварни права на приватниот партнер, неопходни за извршување на договорно поставените обврски.
Зависно од намената на средствата за надоместување од страна на јавниот партнер за обезбедување на јавна работа и/или јавна услуги, како и распределбата на клучните

постојни ризици, јавното приватно партнерство може да се воспостави како: 1) концесија за јавна работа или 2) концесија за јавна услуга или 3) договор за јавна набавка на работа или 4) договор за јавна набавка на услуга.

Јавно приватно партнерство се воспоставува со договор.

Согласно член 3 од договорот склучен помеѓу Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје бр. 0306-01 од 21.01.2002 година, ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, сите трошоци во врска со поставувањето и одржувањето на системот на знаци за упатување на учесниците на сообраќајот во Скопје нема да ги наплати од Град Скопје туку ќе ги компензира со правото инсталациите на системот на знаци и столбни светилки да ги користи за комерцијално упатување и огласување.

Од наведеното е јасно дека Град Скопје со пренесувањето на обврската на ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје за поставувањето и одржувањето на системот на знаци за упатување на учесниците на сообраќајот во Скопје врши пренесување на своја надлежност за која наместо да плати надомест и компензира на ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје со правото инсталациите на системот на знаци и столбни светилки да ги користи за комерцијално упатување и огласување.
Согласно законската рамка определена со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, КОП утврди дека договорот склучен помеѓу Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје бр. 0306-01 од 21.01.2002 година претставува договор за јавно приватно партнерство, во кој Град Скопје се јавува како концедент, а Друштвото за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје како приватен партнер.

Дополнително давањето на правото за поставување на урбана опрема која се користи за комерцијално упатување и огласување од страна на Градот Скопје не претставува економска активност - не претставува промет на стоки и/или услуги на пазарот од страна на Градот Скопје, туку остварување на неговите надлежности. Ова е видно и од фактот дека Градот Скопје оваа надлежност ја остварува преку носење на Програма за поставување на урбана опрема-рекламни паноа на подрачјето на Град Скопје (како и нејзините измени).

Врз основа на горенаведеното, КОП утврди дека Град Скопје и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје **НЕ склучиле забранет договор од член 7 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата**, бидејќи при склучување на договорот бр. 0306-01 од 21.01.2002 година Градот Скопје не делувал како претпријатие,, па оттука и склучувањето на спорниот договорот **не претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1) а во врска со член 7 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Заради сето горе наведено КОП одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Претседател**

**М-р Борче Размоски**